Предлог

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02), член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20), член 157, став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на седницата одржана на _.12.2021 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2022 година**

## I. ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;
- Планирање на развојот на образованието;
- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес;
- Создавање услови за развој на високото образование.

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Велес во областа на образованието во 2022 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Создавање на услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на третата фаза од Новиот концепт за развој на образованието;
- Создавање услови за отворање на нови високообразовни институции.

| | **Активности на Општина Велес за 2022 година** | |
|---|---|---|
| | **НАЗИВ** | **Предвидени средства** |
| **1** | **АКТИВНОСТИ** | **155.000,00** |
| 1.1 | Манифестации организирани од основните училишта по разни поводи | 30.000,00 |
| 1.2 | Манифестации организирани од средните училишта по разни поводи | 30.000,00 |
| 1.3 | Прогласување на најдобар наставник по одделенска и предметна настава | 30.000,00 |
| 1.4 | Прогласување на најдобар наставник во средно образование | 15.000,00 |
| 1.5 | Прогласување најдобар ученик во основно образование | 5.000,00 |
| 1.6 | Прогласување најдобар ученик во средно образование | 5.000,00 |
| 1.7 | Учество на средните општински училишта на саемски манифестации | 10.000,00 |
| 1.8 | Поддршка на талентирани ученици за учество на меѓународни натпревари | 10.000,00 |
| 1.9 | Непредвидени манифестации | 20.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **2** | **ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ** | **2.370.000,00** |
| 2.1 | Учество на Општина Велес во партнерски проекти | 120.000,00 |
| 2.2 | Учество на Општина Велес во активности за унапредување на мултикутурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција | 250.000,00 |
| 2.3 | Поддршка на Буџетските установи во материјални трошоци | 2.000.000,00 |
| **3** | **ИНВЕСТИЦИИ** | **2.500.000,00** |
| 3.1 | Реконструкција и санирање на училишни објекти, санитарни јазли, кровни конструкции, топловодни системи, набавка на опрема и изготвување техничка и проектна документација, во основни и средни училишта и ученички дом | 1.600.000,00 |
| 3.2 | Изградба и реконструкција на спортски објекти и терени, партерно уредување на дворно место  во основни и средни училишта | 900.000,00 |
| **4** | **ТЕКОВНИ РАБОТИ** | **500.000,00** |
| 4.1 | Осигурување на училишни објекти | 400.000,00 |
| 4.2 | Непредвидени трошоци | 100.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **5.525.000,00** |

## III. ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата во Буџетот на Општина Велес за 2022 година. При реализирање на Програмата, Советот на Општина Велес ќе ги поддржи институции и граѓанските организации кои ќе реализираат проекти од областа на образованието, финансирани од други инвеститори – заинтересирани партенери, фондации, бизнис сектор и сл.

## IV. ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

- Обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината;
- Создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес;
- Создавање услови за целосна опфатеност со интернатско сместување на учениците;
- Создавање услови за отворање повеќе високообразовни институции;
- Вклучување на општината во проекти на МОН, странски и домашни донатори.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес“ а ќе се применува од 01.01.2022 година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

Образложение

Програмата за активностите на општина Велес во областа на образованието за 2022 година има за цел да обезбеди квалитетно и ефикасно одвивање на воспитно-образовниот процес. Во неа се опфатени активностите и средствата што се потребни да се подобри квалитетот на образованието на учениците кои живееат во Општина Велес. Исто така се обезбедува поддршка на талентираните ученици и наставници и учеството во проекти.